## ОБРАЗЕЦ СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ ПО ДЕЈНОСТИ (СПД)

**Како составен дел на комплетот обрасци за годишна сметка за 2024 година е и образецот СПД – Рекапитулар, кој е донесен врз основа на Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица.**

**Начинот на пополнување, неговата форма и содржина се пропишани во Правилникот за формата, содржината и начинот на пополнување на образецот за распределба на остварените приходи по дејности (Службен весник на РМ бр.2/08...72/14).**

**Образецот СПД го обезбедува Централниот регистар со информации за главната приходна шифра. Главната приходна шифра обезбедува информации за Централниот регистар за распределеноста по дејности на друштвата во РМ врз основа на најголемите остварени приходи.**

**Главната приходна шифра е соодветна на дејноста од која Друштвото остварува најголем приход во тековната година, соодветна на шифрата по националната класификација на дејностите. Истата се доделува авотматски и електронски од Централниот регистар.**

**Доколку ЦРМ утврди дека најголемиот остварен приход е од друга приходна дејност, различна од онаа чија приходна шифра е запишана како главна, истиот ќе ја промени и како главна ќе ја запише таа од која бил остварен најголемиот приход.**

**Сите видови на субјекти треба да посветат особено внимание при изготвувањето, односно при пополнувањето на податоците во образецот СПД - Структура на приходи по дејности, бидејќи податокот за ГЛАВНАТА ПРИХОДНА ШИФРА ја определува дејноста што има најголемо учество во структурата на вкупно остварените приходи на субјектот согласно со НКД - Националната класификација на дејности.**

**Врз основа на податоците од СПД се врши ажурирање на главната приходна шифра во Трговскиот регистар.**

**Промена на главната приходна шифра не може да се врши во текот на годината.**

**Определувањето на главната приходна шифра се врши еднаш годишно, односно според податоците од доставената годишна сметка на субјектот. Тоа значи дека менување на главната приходна шифра во текот на годината нема да се врши.**

**Пополнувањето на образеот СПД-Рекапитулар за 2024 година се врши со примена на шифрите порпишани со новата дополнета Национална класификација на дејности НКД Рев.2.1.**

**Уредбата за НКД Рев.2.1 можете да ја преземете овде.**

**Образецот треба да се пополнува внимателно, бидејки доколку се пополни погрешно, промена на главната приходна шифра од страна на ЦРМ, корекции е возможно да се направат самo со ревизорски извештај од овластен ревизор.**

## ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАЗЕЦ СПД

Образецот СПД – Рекапитулар за 2024 година се врши со примена на шифрите пропишани со Националната класификација на дејности објавена со Одлуката за донесување на националната класификација на дејноси.

Во прилог на овој напис е прикачена и Националната класификација на дејностите, а истата може да ја симнете и од нашата страна **Smetkovoditeli.com.mk.**

**Образецот СПД- Рекапитулар за годишната сметка за 2024 година се пополнува на следниот начин:**

1) **Во колоната за "Класа" се внесува нумеричка ознака за класа согласно НКД за дејноста од која субјектот остварува приход.**

2) **Во колоната "Назив" се внесува описно називот на дејноста според НКД од која субјектот остварува приход.**

3) **Во колоната "Остварени приходи" се внесува износот на остварени приходи по дејности.**

***Напомена:*** *Износот на вкупните приходи од СПД- рекапитуларот треба да биде еднаков на вкупните приходи од соодветните ознаки за АОП од Билансот на успехот односно збир од АОП 201 + АОП 223 + АОП 244*